Јавен повик за финансирање на програми и проекти на здруженија од областа на меѓуградска и меѓународна соработка објавен од Град Загреб за 2023 година

Градот Загреб ги поканува здруженијата и другите граѓански организации чии програми се насочени кон работа во областа на меѓуградската и меѓународната соработка да ги разгледаат можностите за партнерство и да аплицираат за финансиска поддршка за реализација на програми и проекти од таа област.

Целта на финансирањето на здруженијата од областа на меѓуградската и меѓународната соработка се:

1. подобрување и унапредување на механизмот на вклучување на граѓаните во реализацијата на проекти од заеднички интерес, кои се однесуваат на меѓуградската и меѓународната соработка на градот Загреб;

2. развој на соработка и партнерство на локалните граѓански организации во областа на меѓународната развојна помош.

За полето на меѓународна развојна соработка, корисниците на финансираната програма и проект мора да бидат од следните географски области: Југоисточна Европа, Јужното и Источното соседство и земјите во развој.

Предност при доделување финансиска поддршка од областа на меѓународната развојна соработка ќе имаат програми или проекти кои ќе се реализираат во партнерство со граѓански организации и/или единици на локалната самоуправа од горенаведените географски области и земјите во развој.

Повеќе информации за можностите за соработка и тематските поврзувања во рамките на овој Јавен Повик може да се најдат на следниот линк:

https://www.zagreb.hr/javni-natjecaji-za-financiranje-programa-i-projeka/185459